Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 2 а во врска со член 79 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2021 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за одобрување на Правила за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем**

1. Со ова решение се одобруваат Правила за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем доставени од Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
2. Одобрените правила од точка 1 од ова решение се дадени во Прилог кој е составен дел на ова решение.
3. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, одобрените Правила од точка 1 од ова решение да ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на ова решение, како и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.
4. Ова решение се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа член 79 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 96/19) Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, (во понатамошниот текст: АД МЕПСО) до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување предлог Правила за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем (во понатамошниот текст: Правила) број 12-987/1 од 28 мај 2020 година.

АД МЕПСО, врз основа на поднесено Барање за измена на Правилата за балансирање од АД “ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА”, (во понатамошниот текст: АД ЕСМ Скопје) утврди дека во член 104 став (6) од Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 179/19, 242/19, 49/20 и 7/21) е уредено дека член 30 став (2), односно член 47 став (2) ќе почнат да се применуваат од 1 јули 2021 година. Овие членови се однесуваат на пресметка на трошокот на давателот на системски услуги за необезбеден aFRR балансен капацитет, односно необезбеден mFRR балансен капацитет.

АД МЕПСО со Правилата предлага оваа обврска за производителот со најголем инсталиран капацитет да започне од 1 јануари 2022 година. АД МЕПСО се согласува со образложението на АД ЕСМ Скопје, како производител со најголем инсталиран капацитет, дека акумулациите во тековниов период се на релативно ниско ниво, додека во претстојниот летен период приоритет е користењето на водата за наводнување а едновремено и потребите од електрична енергија се зголемуваат. Исто така поради ковид-19 пандемијата одредени планирани ремонтни активности се пролонгирани. Во вакви услови АД ЕСМ Скопје има отворени прашања со номинирање на одредени единици за обезбедување на aFRR и mFRR балансен капацитет за период од еден месец во услови кои можат брзо да се променат.

Дополнително, ваквиот предлог АД МЕПСО го темели на фактот дека е потребно оптимално искористување на хидропотенцијалот за обезбедување системски услуги за одржување на сигурна и стабилна работа на електропреносниот систем.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1100/1 од 10 јуни 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на Решение за одобрување на Правила за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем без одржување на подготвителна седница.

На 10 јуни 2021 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која се одобрија Правилата за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем кои се во прилог на ова решение.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр.12-987/2**

**10 јуни 2021 година**

**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

**ПРИЛОГ:** Правила за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем